| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Боите на есента |
| **Содржина на денот** | „Боите на есента“- Печатење со темперни бои |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за усвојување на хигиенски навики за здраво и безбедно однесување во градинка, дома и надвор.(сл.1,сл.2) Демонстрација како правилно се користи сликарскиот матерјал и негово одржување после секоја употреба.(сл.3,сл.4) |
| **Активности** | -„Боите на есента“- Сликање со темперни бои<br><br>Активностите ги започнуваме со разговор по слика за карактеристиките и промените во природата во годишното време есен( сл.5, сл.6 сл.7). Ќе водиме разговор за промените на боите на лисјата на дрвото (запознавање, именување на боите на лисјата односно боите на есента жолта, портокалова, црвена, зелена, кафена).<br>Откако ќе завршиме со разговорот ќе се запознаеме со темперните бои кои што ќе ги користиме денес- боите на есента- ќе ги именуваме и погодуваме (сл.8, сл.9).<br>А потоа ќе се запознаеме со денешната техника на работа.<br>Детето ќе добие лист со насликана контура на есенско дрво, палета со бои и стапчиња за уши, или штипка со топче од памук и ќе печати есенски лисја (сл10, сл.11). Пред да започнеме со активноста детето ќе изведува вежби за раздвижување на дланките и прстите, а потоа ќе започне со работа. (Како алтернатива на детето може да му се понуди и да печати со своето прсте сл.12).<br>На крајот изработката ќе ја изложиме во на одредено место во домот.<br>На крај може да се слуша песната „Златна кралица есен“- Поточиња 2012. |